ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

# ЕМ ~~А~~ПАТИЈА

КАКО ВОДИЛКА КОН ПОДОБАР И ПОПРАВИЧЕН СВЕТ

ХЕРА
A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

Издание на: ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
Уредничка: Елизабета Божиноска
Лекторка: Виолета Танчева-Златева
Дизајнерка: Марија Смилевска
Место и година на издавање: Скопје, 2023 година

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

342.746:613.88(497.7)"2021"(047.31)

ГОДИШЕН извештај за 2022 година [Електронски извор] : ем(а)патија : како водилка кон подобар и поправичен свет / [уредничка Елизабета Божиноска]. - Скопје : ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://hera.org.mk/godishen-izveshtaj-na-hera-za-2022-godina/
(Слободен пристап). - Текст во PDF формат, содржи 56 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 06.06.2023

ISBN 978-608-4859-66-6

а) Здравствени и сексуални права -- Македонија -- 2022 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 60574981

# СОДРЖИНА


5 ВОВЕД

6 ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ

8 ЛИЧНА КАРТА

10 ЗАСТАПУВАЊЕ И АКТИВИЗАМ

11 Заштеди во буџетот на грбот на најранливите

14 Модерна контрацепција сега!

15 Семејните лекари – партнери во процесот на обезбедување услуги за сексуалното и репродуктивното здравје

17 Пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование даде позитивни резултати

18 Младите зборуваат, младите одбираат!

19 Момчињата и мажите – клучни во превенцијата на родово засновано насилство

20 ОМОЌУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

21 Врви карванот за неформално сеопфатно сексуално образование за младите

22 ХЕРАмлади – младинско волонтерство и активизам

23 Еднаквите можности при вработување Ромки – ѕвезда водилка на нашата активистичка Група за застапување

24 Здравствената и социјалната правда еднакво важни за Ромките од Шуто Оризари

25 Здравствени услуги за време на кризи за жените од ранливите групи

26 Младите од Македонија – амбасадори за пренесување здравствени информации

27 ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ И НУДЕЊЕ НА УСЛУГИ

28 Медикаментозниот абортус – здравствена услуга неделива од репродуктивната слобода на жените

29 Систем на знамиња – алатка за спречување на сексуалното насилство

30 Специјализирани советувалишта на локално ниво – клучни за жените и децата засегнати од насилство

31 Низ бројки: Услуги што ги обезбедија ХЕРА и партнерските организации во 2022 година

33 И во криза истрајуваме во нудењето услуги за тестирање за ХИВ

34 Доверливи и бесплатни услуги за СРЗ во мобилната гинеколошка амбуланта

35 Пријателските младински центри во Скопје – место каде што сексуалното и репродуктивното здравје на најранливите е приоритет

36 Првиот семеен центар – место за поддршка и зајакнување на семејствата и партнерствата кои се соочуваат со насилство

37 Студија на случај со жртва на семејно насилство од Првиот семеен центар

38 Со поддршка од Советувалиштето за превенција од употреба на дроги до правилни одлуки за здрава иднина

39 МЕДИУМИ И КАМПАЊИ

40 И стручната јавност рече „ДА“ за сексуално образование во училиштата!

43 Видеокампањи за #ССОнаКлупа

45 #ССОнаКлупа функционира, покажа евалуацијата на пилот-програмата!

47 Конференција: „Модерна контрацепција достапна за сите: Зошто сè уште не сме спремни?“

49 ХЕРА на социјалните медиуми

50 Публикации

55 ФИНАНСИИ

# ЕМПАТИЈА

**ЕМПАТИЈА** – речниците ја дефинираат како подготвеност и способност да се сочувствува со другите луѓе. Да влезе човек во туѓа кожа за да замисли, макар накратко, што на другиот му минува низ глава или му стои во душа. И за тоа не мора да преминуваме граници.

Исчезнува ли емпатијата како што џебовите се полнат? Ја снемува ли и кога каишот се стега? Не – не може да исчезне ако постоела. Барем така ние мислиме. Затоа и треба да се негува уште од најмала возраст.

Може ли да пркне покрај плевелот на патријархатот, од кој ранливоста не може сонце да види? Може ли да му пркоси на капитализмот, кој не бира средства за да ни ги затапи чувствата? Се разбира. И мора.

Среде криза која е иста за сите, но сите различно нѐ коси, емпатијата би требало да биде светилник што уште појасно свети. Да не застраниме од правецот што ни го покажува не е воопшто лесно, особено не во свет што секое утро се буди навидум поразличен од вчера. Но неопходно е да ја храниме во себе за да можеме да (из)градиме заедница без насилство и посрамување, полна со поддршка и грижа за секој, од која извира љубезност, меѓусебна почит, уважување, прифаќање, слобода.

Дотаму не можеме сами.

# ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ

Лани цврсто верувавме дека пандемијата ја оставивме зад себе и дека ни претстојат помирни времиња – за да можеме да продолжиме да ги унапредуваме сексуалните и репродуктивните права без да мора да се фаќаме во костец и со непредвидливите предизвици што таа ни ги донесе. Арно ама, здравствената криза како да беше само увертира по која следуваа воената криза во Украина и светската енергетска криза, кои и ден-денес ги одржуваат во живот социјалната и финансиската несигурност кај сите нас.

Во текот на нашето целокупно работење лани, ова најмногу ги погоди сервисите, а со тоа и младите, жените и групите на граѓани кои не ни можат да си дозволат да користат други услуги освен нашите. Наместо да ја препознае насушната потреба од поддршка додека растат цените и несигурноста, Министерството за здравство потфрли во грижата за луѓето кои се на маргините на општеството. Во 2018 година, кога го исполни ветувањето за годишно финансирање на граѓанскиот сектор во превенцијата на ХИВ, мислевме дека прашањето го решивме засекогаш, но лани првите буџетски кратења нè потсетија дека оваа држава секогаш најлесно ги „отпишува“ основните човекови права на општествено исклучените. Острите реакции и протестите на улица беа залудни.

На крај, со големи напори, успеавме да обезбедиме меѓународни средства за да ги пополниме, барем привремено, финансиските празнини што ги остави државата. Но ова не ќе може да трае вечно: без политичка заложба, сервисите ќе затворат, а правото на здравје и на социјална благосостојба, наместо врвен приоритет на земја кандидатка за влез во ЕУ, ќе (о)стане само слово на хартија.

Ако нешто успева среде криза, тоа без двојба е говорот на омраза. Среде криза, лоши вести и нула медиумска писменост, за жал, уште поголем замав земаат извртените аргументи и лагите на антифеминистичките групи кои не само што не мируваа, туку и се окрупнија во борбата против сексуалното образование. Нивните постојани напади на социјалните мрежи кон ХЕРА, но и кон наши вработени, создаваат плодно тло за личните закани што лани ни ја загрозија безбедноста. Силен ветер во грб им дава неказнивоста на говорот на омраза и неажурноста на надлежните во наоѓањето на сторителите што ги посочивме во поднесените тужби.

Во вакви околности е уште позначајно да се истакнат и уважат успесите!

Четиринаесет стручни здруженија и граѓански организации ни се приклучија во заложбата за воведување на #ССОнаКлупа, потпишувајќи ја **Декларацијата „Со сексуално образование во училиштата до поздрава и побезбедна младина“**. За првпат во земјата беа **обучени дваесетина професионалци за советување и третман на мажи во криза и на сторители на насилство**. Подготвивме и меѓуресорски **Оперативен план и Концепција за советувалишта за мажи во кризи**, што државата може да ги користи како стратешки насоки во превенцијата на родово заснованото насилство – оти ништо не правиме ако не ги вклучиме и мажите. Бевме дел од националните консултации и работни групи за усвојување на **новата Стратегија за родова еднаквост**, а Општина Струмица усвои **Акциски план и буџет за услуги за семејно насилство** – процес што го помогнавме со нашата експертиза и во соработка со локалните женски организации. Особено сме горди што **околу 700 лица направија тест за ХИВ во домашни услови**, со што пилот-услугата за самотестирање станува дел од услугите достапни во нашите сервиси како иновативен дигитален пристап во превенцијата на ХИВ.

Светот се менува. Ќе се менуваме и ќе сменуваме пристапи и ние, што ќе се огледа и во **новата Стратегиска рамка (2023 – 2028)**. Ни на сон не креваме раце од сексуалната и репродуктивната слобода и правда, но натаму ќе продолжиме да се движиме со зајакнато младинско партнерство и така што ќе се стремиме да обезбедиме непрекината сеопфатна грижа и заштита од родово заснованото насилство. Новата стратегија ја создававме подолго од една година – вклучивме многу луѓе, наши членови, вработени, овдешни и надворешни соработници, за да споделиме идеи и визии за тоа каде ја гледаме ХЕРА во иднина.

Токму затоа, упатуваме голема благодарност до сите нив, како и до сите донатори, соработници и членови кои ни помогнаа да ја пребродиме (и) оваа кризна година. Поддршката и довербата што ни ја даваат ни влеваат уште повеќе сила да истраеме во заложбите за сексуалните и репродуктивните права – оти светот ќе се менува, но без нив не може да биде ниту поправичен ниту подобар.

Румена Ѓердовска Којчески,
претседателка

Бојан Јовановски,
извршен директор

# ЛИЧНА КАРТА

**ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување** е најголемата граѓанска организација за сексуално и репродуктивно здравје и права во Република Северна Македонија. Преку своите три стационарни сервиси и две мобилни клиники дејствува директно на терен така што обезбедува услуги за сексуално и репродуктивно здравје, вклучително и за ХИВ-тестирање и психолошка поддршка во областа на родово заснованото насилство. Вкупно 80 % од корисниците на услугите се граѓани кои живеат на маргините на општеството: тука спаѓаат и сиромашните, како што се Ромките и сексуалните малцински групи и други општествено исклучени лица, како што се ЛГБТИ луѓето и сексуалните работнички.

ХЕРА е единствената организација што обезбедува неформално сеопфатно сексуално образование во земјата преку моделот на врсничка едукација.

Неуморно тежнеејќи кон подобар пристап до грижа за сексуалното и репродуктивното здравје и до поддршка за жртвите на родово заснованото насилство, ХЕРА соработува со Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и со стручни здруженија така што обезбедува обуки и постојана едукација за давателите на услуги во областите на здравството и социјалната заштита.

Меѓу нашите најголеми победи во досегашното застапување се усвојувањето на прогресивниот Закон за прекинување на бременоста во 2019 година и последователното пилотирање на медикаментозниот абортус на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, како и обезбедувањето на државно финансирање за ХИВ-превенција и грижа меѓу најзасегнатите групи на граѓани.

ХЕРА е полноправна членка на Меѓународната федерација за планирано родителство од 2009 година.

# НАШИТЕ СЕРВИСИ

**МЛАДИНСКИ ЦЕНТРИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ „САКАМ ДА ЗНАМ“**

**АМБУЛАНТА ВОДНО**
ул. „Елисије Поповски“ бр. 2
(02) 3176 950

**АМБУЛАНТА ШУТО ОРИЗАРИ**
ул. „Шуто Оризари“ 66
(02) 2651 955

**ПРВ СЕМЕЕН ЦЕНТАР НА ГРАД СКОПЈЕ**
ул. „Иван Аговски“ бр. 11/2-3
(02) 321 5 905
infopsc@hera.org.mk

**МОБИЛНА АМБУЛАНТА ЗА СОВЕТУВАЊЕ И ТЕСТИРАЊЕ ЗА ХИВ**
hivtest@hera.org.mk

**МОБИЛНА ГИНЕКОЛОШКА АМБУЛАНТА**
hera@hera.org.mk

**СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ:**
www.seksualnoobrazovanie.mk

**ХЕРА ОНЛАЈН**

www.hera.org.mk
@hera.macedonia
@HERA_mkd
@heramladi
@HERAMacedonia

# ЗАСТАПУВАЊЕ И АКТИВИЗАМ

# ЗАШТЕДИ ВО БУЏЕТОТ НА ГРБОТ НА НАЈРАНЛИВИТЕ

## По 15 години успешна приказна – со буџетот за ХИВ за 2022 година, Владата ја срози превенцијата за ХИВ во Македонија

Март, 2022 година - На нетранспарентен начин и без консултација со Националната комисија за ХИВ, **Министерството за здравство го скрати буџетот за превенција од ХИВ за дури 40 %**, за услугите кои ги користат најмалку 10.000 граѓани во 12 градови низ целата држава. И покрај протестите и апелите на експертите и граѓанските организации, буџетот остана непроменет. Поради буџетските кратења, драстично се намали опфатот на граѓаните кои користат превентивни услуги за ХИВ и сексуално и репродуктивно здравје, а особено услугите за откривање на ХИВ што е суштинско за успешно контролирање на епидемијата. Дел од од мобилните клиники и стационарните центри раководени од граѓански организации ставија клуч на врата.



Протест на Платформата за ХИВ за скратениот буџет за ХИВ (пред Министерството за здравство, 17 март 2022 г.) (© Ванчо Џамбаски)

Април, 2022 година - Под слоганот **„НЕ за штедење од здравјето на луѓето“** излегоа на **граѓански протест** 14 здруженија-членки на Платформата за ХИВ, здружението ЕСЕ – Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените и здружението „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“ со клучно барање здравјето на граѓаните да биде врвен приоритет, а економската криза никако не е оправдување за кратење на средства од здравствената заштита и тоа во услови на пандемија!


НЕ за штедење од здравјето на луѓето


ПРОГРЕСИВЕН ДАНОК
ДАНОК НА ЗАГАДУВАЧИ
ДАНОК НА ЛУКСУЗ
НАМЕСТО ДАНОК НА ЗДРАВЈЕ!
САМО 200.000 ЕУР
НЕ ДЕЛАТ ОД ХИВ
ЕПИДЕМИЈА!






ДЕНЕС ШТЕДИМЕ
ЗА УТРЕ ДА ПЛАКАМЕ
ПОСКАПО




ПОЛИЦИЈА



**Ноември, 2022 година -** И покрај апелот на граѓанскиот сектор, државата го изгласа буџетот за 2023 година, сосе драстичните кратења во здравството! Иако усвоениот буџет за оваа година е најголемиот во државата во изминатите 30 години, државата скрати средства во дури 7 од 10 превентивни програми за здравствена заштита.

Па така, буџетот на Министерството за здравство остана непроменет и од 3 %, колку што изнесувал во периодот 2018 – 2020 година, во 2023 година претставува само 2,1 % од вкупниот буџет. „Наместо 135 милиони денари потребни за превенција и за третман за луѓето со ХИВ, за 2023 година се усвои буџет од 90 милиони денари за Програмата за заштита на населението за ХИВ. Ова дополнително ќе го загрози опстанокот на есенцијалните животоспасувачки услуги за ХИВ кои ќе ги погодат најсиромашните и социјални исклучените групи“, посочи граѓанскиот сектор.




Конференција за печат пред Собранието на претставници од Платформата за ХИВ и на здруженијата ЕСЕ и „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“ (© ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, ноември, 2022 г.)

„НЕ за штедење од здравјето на луѓето“

# Модерна контрацепција сега!

## ЗАДНИНА:

- Владата, во својата програма за 2017 – 2020 година, се заложи дека најмалку едно контрацептивно средство ќе биде ставено на Позитивната листа на лекови;
- Само 14 % од жените кои се во врска или брак, користат контрацепција која проверено штити од непланирана бременост;
- Буџетот за контрацепција за ранливите групи жени, предвиден во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, е недоволен и не ги покрива потребите за модерна контрацепција на жените кои се социјално исклучени.

## АКТИВНОСТИ:

- Подготвивме детална анализа на регулативата, системот на лекови и можностите за обезбедување бесплатна контрацепција во земјата – *Пристап до средства за контрацепција и здравствени услуги за семејно планирање*;
- Формиравме мрежа на граѓански организации за застапување заради унапредување на пристапот до контрацепција;
- Организиравме национална конференција на која граѓанските организации, стручните здруженија, здравствените институции и пратениците повикаа на подобрување на пристапот до современа контрацепција;
- Заедно со Министерството за здравство, институциите и граѓанските организации дискутиравме на консултативна средба за подготовката на Превентивната програма за мајките и децата за 2023 година.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Објавивме документ за јавни политики „Со подобар пристап до контрацепција и услуги за семејно планирање до универзална здравствена заштита", со препораки како да се подобри грижата за сексуалното и репродуктивното здравје;
- Претставници на 11 граѓански организации учествуваа на обуките за зајакнување на капацитетите на системот и регулативата за финансирање на современа контрацепција заради изнаоѓање можни решенија за системско подобрување на достапноста на контрацепцијата;
- За пет пати се зголемија буџетските ставки за контрацепција за социјално-ранливите групи и за жените со повторувачки абортуси, предвидени во Превентивната програма за мајките и децата за 2023 година.

## ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Застапување за проширување на Позитивната листа на лекови со најмалку едно современо контрацептивно средство за девојките и жените.

- **ДОНАТОР:** Меѓународна федерација за планирано родителство




Консултативна средба за подготовка на Превентивната програма за мајки и деца за 2023 година, со претставници на државни здравствени институции, стручни здруженија и граѓански организации

## Семејните лекари – партнери во процесот на обезбедување услуги за сексуално и репродуктивно здравје

### ЗАДНИНА:

- Листата на здравствени услуги во дејноста по семејна медицина, усвоена од Министерството за здравство во 2019 година, овозможува семејните лекари да нудат дел од услугите за сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ);
- Семејните лекари се застапени во сите здравствени региони во државата, па затоа е важно да се искористи нивниот потенцијал во нудењето на услуги за СРЗ меѓу жените, особено во регионите каде што има недостиг на гинеколози.

### АКТИВНОСТИ:

- Направивме „Мапирање на семејните лекари од примарната здравствена заштита во Македонија“, прво од ваков тип во државата, кое дава сеопфатна слика за расположливоста и потенцијалот на семејните лекари во системот на здравствената заштита;
- Го подготвивме петгодишниот Национален акциски план за обезбедување на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во доменот на семејна медицина во соработка со Центарот за семејна медицина, Министерството за здравство и други релевантни институции, здруженијата на здравствените работници и меѓународни и граѓански организации кои работат со ранливи групи жени;
- Заедно со Центарот за семејна медицина и со локалните здравствени домови, отворивме 4 гинеколошки ординации во здравствените домови во Македонски Брод, Радовиш, Делчево и Ресен и целосно ги опремивме со гинеколошки столови, опрема, потрошен медицински материјал и бесплатна контрацепција;
- Дистрибуиравме брошури и флаери „Репродуктивно здравје пред сè“, кои ги подготвивме на македонски, ромски и албански јазик и дополнително ги испечативме на Браево писмо.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Со експертската работна група формирана од Министерството за здравство го подготвивме моделот на пресметка и плаќање на услугите за СРЗ и ги објавивме „Препораките за поттикнување на давањето услуги за сексуално и репродуктивно здравје од страна на семејните лекари преку подобрување во начинот на плаќање“;
- Во новоотворените гинеколошки ординации, во 2022 година, семејните лекари обезбедија вкупно 4.060 услуги за сексуално и репродуктивно здравје (од кои 2.064 услуги за контрацепција), меѓу 2.777 жени (од кои 1.847 жени од ранливи групи – рурална средина, жени со попреченост и Ромки);
- Вкупно 5.762 лица од заедниците се опфатени со теренските активности и едукацијата за СРЗ од страна на патронажните служби и теренските работници;
- Ги споделивме стекнатото искуство и добрата практика преку студија на случај „Интегрирање на услугите за контрацепција и репродуктивна грижа во пакетот на семејните лекари“.

## ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Застапување за целосно спроведување на Националниот акциски план за СРЗ во доменот на семејната медицина;
- Следење на спроведувањето на реформите во примарната здравствена заштита.

- **ПАРТНЕР:** Центар за семејна медицина – Медицински факултет Скопје

- **ДОНАТОРИ:** Доверлив фонд на Јапонија и Меѓународна федерација за планирано родителство




На официјалното отворање на гинеколошката ординација во Македонски Брод присуствуваа амбасадорот на Јапонија, градоначалникот на М. Брод, директорот на тамошниот Здравствен дом и претставнички на Центарот за семејна медицина и ХЕРА (Здравствен дом, Македонски Брод)



Опремена гинеколошка ординација за нудење на услуги за СРЗ од страна на семејни лекари во Здравствениот дом во Радовиш

## Пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование даде позитивни резултати

### ЗАДНИНА:

- Истражувањата покажуваат дека меѓу 82-96 % од родителите и меѓу 88-99 % од наставниците се согласуваат темите од сеопфатното сексуално образование (ССО) да се изучуваат во формалното образование во земјата;
- Во 2021 година беше спроведена пилот-програма за ССО во 9-от степен на основното образование во формалниот образовен систем во нашата земја.

### АКТИВНОСТИ:

- ХЕРА, како главен партнер на Бирото за развој на образованието, ѝ понуди техничка поддршка на Работната група за развој на Национална стратегија за сеопфатно сексуално образование;
- Заедно со стручните здруженија и граѓанските организации кои работат со ранливите групи ја подготвивме декларацијата „Со сексуално образование во училиштата до поздрава и побезбедна младина“;
- Во 2022 година беше спроведена евалуација на пилот-програмата за ССО, со која во 2021 година беа опфатени 85 деветтоодделенци во три основни училишта во општините Карпош, Драчево и Тетово;
- Заедно со Бирото за развој на образованието организиравме тркалезна маса за да ги претставиме наодите од евалуацијата на пилот-програмата за ССО пред 40 претставници од педагошко-стручните служби од училиштата во Скопје.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Експертската работна група ја подготви првата Нацрт-национална стратегија за сеопфатно сексуално образование (2022-2028);
- Евалуацијата на пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование покажа дека опфатените ученици знаат многу повеќе за своето сексуално и репродуктивно здравје и права, за разлика од своите соученици во другите училишта низ земјата;
- 11 стручни здруженија, од кои 5 лекарски – Македонското лекарско друштво (МЛД) и стручно специјалистички здруженија на МЛД, Здруженијата на семејните лекари и на лекарите Албанци, Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари и Центарот за семејна медицина, и 6 здруженија/сојузи на психолози и психотерапевти, социјални работници, специјални едукатори и рехабилитатори и правници, ја поддржаа Декларацијата за сеопфатно сексуално образование во училиштата.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Застапување за усвојување и спроведување на Национална стратегија за сеопфатно сексуално образование.

- **ДОНАТОР:** Фонд „Сигрид Раусинг“




Презентација на наодите од евалуацијата на пилот-програмата за ССО пред 40 претставници од училишните стручни служби

# Младите зборуваат, младите одбираат!

## ЗАДНИНА:

- Пандемијата на ковид-19 негативно се одрази врз пристапот на младите до потребните информации и услуги, а со тоа и врз нивните сексуални и репродуктивни права;
- Пристапот до услуги за сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ) е уште повеќе отежнат за младите кои се наоѓаат во ранлива положба – млади мајки, ЛГБТИ младите, младите Роми и младите кои живеат во оддалечени места.

## АКТИВНОСТИ:

- Го финализиравме истражувањето и ги споделивме наодите од Националниот извештај за влијанието на ковид-19 врз сексуалното и репродуктивното здравје и права кај младите во Македонија;
- Формиравме Национална младинска група и преку обуки ги зајакнавме нејзините вештини за застапување за младински политики за СРЗ;
- Во Европскиот парламент застапувавме за подобрување на пристапот на младите до услуги и информации за сексуалното и репродуктивното здравје и права.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Објавивме документ за јавни политики кој дава препораки како да се подобри пристапот за младите до информации и услуги за СРЗ, за менталното здравје и за родово заснованото насилство;
- Заедно со младите организиравме 7 дебати во Скопје, Куманово и Струмица за да дискутираме за постоечките проблеми и можните решенија за унапредување на состојбите.

## ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Спроведување национална кампања за подигнување на јавната свест за проблемите со кои се соочуваат младите и за решенијата што ќе ги подобрат политиките за младите.

- **ДОНАТОР:** Меѓународна федерација за планирано родителство




Во Шуто Оризари дебатиравме на тема „Пристапот на младите до информации за сексуалното и репродуктивното здравје, образование и грижа во Македонија за време на ковид-19“



Настан во Европскиот парламент за застапување за подобар пристап на младите до услуги и информации за сексуално и репродуктивно здравје и права (© Меѓународна федерација за планирано родителство)

## Момчињата и мажите – клучни во превенцијата на родово засновано насилство

### ЗАДНИНА:

- Над 90 % од сторителите на семејно насилство се мажи, а над 80 % од жртвите на насилство се жени;
- Во Република Северна Македонија нема национални политики за вклучување на мажите во превенција на насилството, ниту, пак, постојат центри за поддршка на момчиња и мажи;
- Истражувањата за спроведување на Акцискиот план на Истанбулската конвенција покажуваат дека треба да се воспостават и функционални програми за работа со сторителите на насилство.

### АКТИВНОСТИ:

- Организиравме три дводневни обуки за превенција на родово засновано насилство, на кои се обучија 40 стручни лица од државните институции за образование, здравство и социјална заштита, како и од академски институции и граѓански организации;
- Спроведовме 10-дневна обука за 23 стручни лица за работа со сторители на насилство, со фокус на безбедноста на жртвата, по која сертифициравме 19 учесници на национално ниво;
- Во партнерство со Здружението за машки и родови прашања на Штаерска, во јуни организиравме студиска посета за претставниците од клучните министерства заради споделување на добрите пракси за работа со момчиња и мажи во превенцијата на насилството.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Подготвивме Концепција за центри за поддршка и советување на мажи во Република Северна Македонија, со финансиски план за нивно воспоставување;
- Заедно со Министерството за труд и социјална политика и со клучните институции и организации го подготвивме Националниот акциски план за превенција на родово засновано насилство помеѓу мажи, момчиња и татковци (2022 – 2027) и Националниот акциски план за работа со сторители на родово засновано насилство, со фокус на безбедноста на жртвата (2022 – 2027);
- Во партнерство со „Реактор“ и Здружението за машки и родови прашања на Штаерска ја организиравме завршната конференција „Грижи се машки – Од свесност до вклученост: вклучување на мажите во превенција на родово заснованото насилство и работа со сторители со фокус на безбедноста на жртвата“.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Нудење директни услуги за работа со сторители на насилство;
- Застапување за усвојување и спроведување на националните акциските планови за превенција на насилство со вклучување на мажи и работа со сторители на насилство.

- **ДОНАТОРИ:** Здружение за машки и родови прашања на Штаерска/ Сојузно министерство за социјални прашања, здравство и заштита на потрошувачите на Австрија



Конференција „Грижи се машки: Од свесност до вклученост“ (Скопје, ноември)

# ОМОЌУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

# Врви карванот за неформално сеопфатно сексуално образование за младите

## ЗАДНИНА:

- Истражувањата за нашата земја покажуваат дека 52 % од девојчињата и 29 % од момчињата на 15-годишна возраст страдаат од повеќе психосоматски симптоми истовремено, повеќепати неделно;
- Само 14 % од младите на возраст од 20 до 24 години користат некое современо контрацептивно средство, додека бројот на малолетничките раѓања во Македонија е речиси трипати поголем од земјите на Европската Унија.

## АКТИВНОСТИ:

- Продолживме со спроведување на нашата програма за неформално сеопфатно сексуално образование низ државата;
- Спроведовме 5 дигитални едукации и 3 едукации по сеопфатно сексуално образование (ССО) за младите во руралните средини низ Македонија;
- Ја продолживме соработката со Универзитетското студентско собрание со 2 заеднички едукации по ССО во студентските домови „Гоце Делчев“ и „Пелагонија“;
- Спроведовме 5-дневна обука за нови врснички едукатори на албански јазик;
- Склучивме Меморандум за соработка со Здравствениот дом – Куманово и го реновиравме и опремивме просторот за отворање на нов младински центар.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Опфативме вкупно 238 млади со работилниците за ССО, од кои 181 ги поминаа сите 7 модули на ССО;
- Обучивме 3 нови врснички едукатори за ССО на албански јазик;
- Отворивме нов младински центар „Сакам да знам“ во Куманово, каде што младите можат да се обратат за психолошко советување, едукации и информации за сексуалното и репродуктивно здравје – бесплатно и доверливо;
- Во текот на 2022 година кумановскиот младински центар го посетија вкупно 36 млади заради услуги за психолошка помош и уште 23 млади за врсничко советување.

## ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Проширување на тимот на врснички едукатори и спроведување континуирани обуки за содржините и новите модули на ССО;
- Спроведување на неформално сексуално образование во соработка со граѓанскиот сектор, образовните, здравствените и социјалните институции, родителите и студентите.

- **ДОНАТОРИ:** Меѓународна федерација за планирано родителство и „Шурчек“



ССО едукација со студенти од студентскиот дом „Пелагонија“

# ХЕРАмлади – младинско волонтерство и активизам

- Во 2022 година тимот на **ХЕРАмлади** броеше **61 член од целата земја,** а групата на врснички едукатори се збогати со 3 нови млади едукатори за ССО на албански јазик. Непречено работеа и останатите сектори во ХЕРАмлади: продуциравме **9 епизоди на радиоемисијата „Секси Маало“** со фокус на влијанието на ковид-19 врз младите и нивното здравје, менструалната правда, правата на ЛГБТИ луѓето, родовиот идентитет и други актуелни теми за правата на жените и младите.

  Во **феминистичкиот читателски клуб** читавме, дискутиравме и организиравме предновогодишен настан за размена на книги.

  Младите од ХЕРА беа во првите редови на Осмомартовскиот марш, Парадата на гордоста, Маршот за видливост на трансродовите луѓе и на протестите против кратењето на државниот буџет за ХИВ-превенција.

  Годината ја памтиме и по незаборавното искуство на **Д-фестивал** и веќе традиционалниот настан „Ghost Stories“ по повод Ноќта на вештерките.










1
ХЕРАмлади на маршот за Осми март

2
Во „Секси Маало“ зборувавме и за менструална правда

3
ХЕРАмлади на Маршот за видливост на трансродовите луѓе

## Еднаквите можности при вработување Ромки – ѕвезда водилка на нашата активистичка Група за застапување

### ЗАДНИНА:

- Ромките се секојдневно изложени на повеќекратна и интерсекциска дискриминација, а патријархалниот систем на вредности, ниското образовно ниво и раните бракови ги прават економски зависни;
- Извештајот за искористеност на мерките за вработување за 2021 година укажува дека само 222 лица – или само 2 % од лицата кои користеле некаква мерка за вработување – биле Ромки;
- Националниот акциски план за човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022 – 2024 предвидува вклучување на Ромките како посебна целна група во Националниот оперативен план за вработување, како и посебна мерка за нивно вработување.

### АКТИВНОСТИ:

- Организиравме широк консултативен процес за подготовка на нови мерки за активно вработување на Ромките;
- Организиравме средби и работилници за застапување со 4 локални самоуправи за изготвување локални акциски планови за вработување Ромки;
- Бевме дел и од Неделата на застапување во Брисел, каде што ги застапувавме проблемите на Ромките во областите на вработување, социјална заштита и здравство;
- Ги зајакнавме капацитетите на 6 членки на неформалната група Ромки за застапување пред институциите на ЕУ.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Изготвивме 3 нови специјализирани мерки за вработување Ромки;
- Ги објавивме резултатите од Мониторингот на вработувањето Ромки во државните институции за 2021 година;
- Го објавивме извештајот од Мониторингот на искористеноста на активните мерки и услуги за вработување од страна на Ромките за 2021 година;
- Подготвивме 4 нацрт-локални акциски планови за вработување на Ромките во општините Ѓорче Петров, Карпош, Чаир и Кисела Вода.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Застапување за усвојување на локалните акциски планови во општините;
- Вклучување на специјализираните мерки за вработување Ромки во Националниот оперативен план и нивна имплементација.

- **ДОНАТОР:** Фондација „Квина тил Квина“



Презентација на новите мерки за вработување Ромки пред претставници на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, граѓански организации и останати чинители

## Здравствената и социјалната правда еднакво важни и за Ромките од Шуто Оризари

### ЗАДНИНА:

- Ромките од Шуто Оризари секојдневно наидуваат на пречки во пристапот до услуги за здравствена и социјална заштита;
- Во последната деценија Општина Шуто Оризари дури 4 години била оставена без матичен гинеколог, што сериозно го загрозува репродуктивното здравје на над 8.000 жени.

### АКТИВНОСТИ:

- Обезбедувавме директна правна помош во Младинскиот центар „Сакам да знам“ – Шуто Оризари и придружба на клиентките до институции за здравствена и социјална заштита;
- Во партнерство со Здружението „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“, застапувавме за обезбедување матичен гинеколог и за повторно отворање на гинеколошка ординација во Здравствениот дом – Шуто Оризари;
- Спроведовме три обуки за јакнење на капацитетите на тимот на параправнички во областа на законодавството поврзано со родово засновано насилство, семејство, евиденција во матична книга и државјанство.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Вкупно 446 клиенти (од кои 363 жени) добиле правна помош и поддршка во сервисот за правна заштита преку нашиот Младински центар во Шуто Оризари;
- Во ноември, во Здравствениот дом во Шуто Оризари, се отвори гинеколошка ординација со матичен гинеколог;
- Подготвивме публикација за Системските предизвици кај Ромките во остварување на здравствените и социјалните права, со студии на случај од работата на правниот сервис;
- Се вклучивме во подготовката на Компаративна анализа за пристапот и услугите за сексуално и репродуктивно здравје на Ромките од Шуто Оризари за период 2012 – 2022 година на Иницијативата за правата на жените од Шуто Оризари, која се заснова врз десетте годишни истражувања „Карта со оцена од заедницата“.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Обезбедување континуирана правна помош и услуги за Ромките од Шуто Оризари, со фокус на остварување на економските и социјалните права;
- Продолжување на соработката со Здружението „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“ во нудењето директни услуги и во јакнењето на заедницата.

- **ДОНАТОР:** Фондација „Отворено општество“ – Македонија



Промоција на публикации на панел-дискусијата „Пристап на Ромките до здравствена и социјална правда“ (Скопје, декември)



Обука за јакнење на капацитетите на параправничките од „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“ (Скопје, декември)

## Здравствени услуги за време на кризи за жените од ранливите групи

### ЗАДНИНА:

- За време на пандемијата на ковид-19 и зголемениот товар на здравствените капацитети за справување со инфекцијата, пристапот на жените до основни здравствени услуги беше значително ограничен, а особено за жените од најранливите групи.

### АКТИВНОСТИ:

- Основавме здравствена коалиција за реализација на проектните цели, составена од ХЕРА и три здруженија од заедниците на лицата со физичка и интелектуална попреченост и Ромките (Здружение за промоција и развој на инклузивно општество – „Инклузива“, „Полио Плус – движење против хендикеп“ и Здружение „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“).

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Спроведување на истражување за факторите што влијаат врз Ромките и жените со попреченост во пристапот до услуги од примарната здравствена заштита и за перцепциите и искуството со коруптивното однесување во здравствениот сектор;
- Подготовка на препораки за јавни политики за подобрување на пристапот до услуги од примарната здравствена заштита за Ромките и за жените со попреченост, вклучително и во време на кризи.

- **ДОНАТОР:** Национален демократски институт – Република Северна Македонија



Основачка средба на здравствената коалиција составена од „Инклузива“, „Полио Плус – движење против хендикеп“, „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“ и ХЕРА (Скопје, ноември)

## Младите од Македонија – амбасадори за пренесување здравствени информации

### ЗАДНИНА:

- Младите во нашата земја немаат доволно познавања каде може бесплатно да дојдат до информации и совети и да се едуцираат за своето сексуално и репродуктивно здравје.

### АКТИВНОСТИ:

- Формиравме младинска здравствена коалиција за спроведување врснички едукации за здравствени теми;
- Организиравме и спроведовме 5 иницијативи на различни здравствени теми меѓу млади.

### РЕЗУЛТАТИ:

- 18 млади лица во социјален ризик беа обучени за превенција од употреба на психотропни супстанции и други зависности, во соработка со психијатар од нашето Советувалиште за дроги;
- 58 млади лица (деца без родители и родителска грижа, деца од социјално ранливи категории и други општествено исклучени млади) поминаа едукации за сеопфатно сексуално образование, со фокус на сексуалното и репродуктивното здравје.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Натамошна едукација за темите поврзани за здравјето на младите, преку сопствените сервиси.

- **ДОНАТОР:** Меѓународна организација за здравје на младите



Здравствена иницијатива за сеопфатно сексуално образование во Советодавниот центар за родители и деца (Шуто Оризари)



Здравствена иницијатива за сеопфатно сексуално образование во Ресурсниот центар во Гази Баба при СОС „Детско село“

# ЈАКНЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ И НУДЕЊЕ УСЛУГИ

# Медикаментозниот абортус – здравствена услуга неделива од репродуктивната слобода на жените

## ЗАДНИНА:

- Во декември 2021 година, со поддршка на ХЕРА, беше пилотирана услугата за медикаментозен абортус на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје (УГАК);
- Во рамките на својата Програма за здравствена заштита на мајките и децата за 2022 година, Министерството за здравство предвиде 575.000 денари за континуирано обезбедување на медикаментозниот абортус.

## АКТИВНОСТИ:

- Спроведовме обука за обучувачи, преку која обучивме тим од 8 здравствени работници од УГАК за натамошно континуирано спроведување на обуки за медикаментозен абортус меѓу здравствени работници;
- Подготвивме прирачник и материјали за спроведување акредитирани обуки за нудење на медикаментозниот абортус;
- Организиравме 7 обуки за специјалисти гинеколози-акушери од болниците и клиниките низ земјата за примена на медикаментозниот абортус;
- Подготвивме информативни флаери за медикаментозниот абортус, на македонски и на албански јазик.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Потпишавме меморандум за продолжување на соработката со УГАК и за континуирано обезбедување на услугата медикаментозен абортус и во 2022 година;
- Вкупно 385 жени направиле медикаментозен абортус на УГАК;
- Акредитирана е обуката за медикаментозен абортус од Македонското лекарско друштво за периодот 2022 – 2023 година;
- Вкупно 127 гинеколози акушери од болниците и клиниките од Скопје и другите градови низ државата присуствуваа на обуките за континуирано нудење на медикаментозен абортус.

## ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирани обуки за јакнење на капацитетите на гинеколози од болниците и на матични гинеколози за проширување на услугата медикаментозен абортус во други градови во земјата;
- Јавни настани за подигнување на јавната свеста за услугите за контрацепција и безбеден абортус.

- **ДОНАТОРИ:** Австриско здружение за семејно планирање, Сојузно министерство за социјални прашања, здравство и заштита на потрошувачите на Австрија и Меѓународна федерација за планирано родителство



Обука за обучувачи за тимот на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (Скопје)



Акредитирана обука на гинеколози за медикаментозен абортус (Гевгелија)

## Системот на знамиња – алатка за спречување на сексуалното насилство

### ЗАДНИНА:

- Со алатката Систем на знамиња за превенција на сексуалното насилство, стручните лица можат правилно да го проценат прифатливото и неприфатливото сексуално однесување кај младите за да се обезбеди соодветен одговор и да се превенира сексуалното насилство;
- Во јули 2020 година Министерство за образование и наука донесе Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

### АКТИВНОСТИ:

- Ги преведовме и адаптиравме материјалот за обука и прирачникот „Систем на знамиња за превенција на сексуалното насилство“ на македонски јазик;
- Спроведовме две обуки за јакнење на капацитетите за примена на прирачникот „Систем на знамиња за превенција на сексуално насилство“ меѓу стручни лица кои работат со млади и со ранливи групи, и една обука за членството и вработените во ХЕРА.

### РЕЗУЛТАТИ:

- 8 лица од тимот на ХЕРА учествуваа на обуката за сензитивизација за користење на алатката Систем на знамиња за превенција на сексуално насилство;
- Вкупно 21 стручно лице од психолошко-педагошките служби во основни училишта, институции за социјална заштита, граѓански организации, вклучително и образовни асистенти за луѓе со попреченост, беше обучено преку обуките за примена на алатката „Систем на знамиња за превенција на сексуално насилство“.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Превод на материјалите за обука и на прирачникот за превенција на сексуалното насилство на албански јазик.
- Обука на наставници и стручни служби за примена на алатката „Систем на знамиња за превенција на сексуалното насилство“ и истражување за прифатливоста на алатката во училишна средина на македонски и на албански јазик.

- **ДОНАТОР:** Меѓународна федерација за планирано родителство



Обука за сензитивизација за примена на алатката Систем на знамиња за превенција на сексуалното насилство (Скопје)



Мултисекторска обука за примена за алатката Систем на знамиња за превенција на сексуалното насилство (Скопје)

## Специјализирани советувалишта на локално ниво – клучни за жените и децата засегнати од насилство

### ЗАДНИНА:

- Националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција предвидува да се воспостават најмалку 10 советувалишта за психо-социјална поддршка на жртвите на насилство во целата држава;
- Иако се предвидени со препораките на Истанбулската конвенција, во земјава нема доволно обучен стручен кадар, ниту доволен број советувалишта за поддршка на жртвите на родово засновано насилство со кои раководат граѓански организации.

### АКТИВНОСТИ:

- Обезбедивме директни услуги за поддршка на жените жртви на семејно и родово засновано насилство во отворените специјализирани советувалишта во Штип и во Струмица;
- Спроведовме ситуациска анализа за специјализирани услуги за жртви на родово засновано насилство во општините надвор од Скопје, преку која идентификувавме 24 организации кои работат во областа на родовата еднаквост и заштитата од насилство;
- Спроведовме серија од 3 обуки за зајакнување на знаењата и вештините на стручниот кадар во граѓански организации и во Центрите за социјална работа од Куманово и Свети Николе;
- Дадовме техничка поддршка за подготовка на локални акциски планови за обезбедување програма и буџет за услуги поврзани со заштита од насилство во општините Штип и Струмица.

### РЕЗУЛТАТИ:

- До октомври 2022 година, вкупно 249 жени жртви и нивните деца бесплатно добиле 548 советодавни и правни услуги во специјализираните советувалишта раководени од штипската ЕХО и струмичката „Скај плус“;
- 9 психолози и социјални работници од Центарот за социјална работа од Куманово и граѓанските организации Национален ромски центар од Куманово и Организација на жени од Свети Николе беа обучени за нудење психо-социјална поддршка на жртви на насилство;
- Во Општина Струмица се усвои акцискиот план за програма и обезбедување буџет за услуги поврзани со семејно и родово засновано насилство.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Јакнење на капацитети на локалните граѓански организации и на институциите за нудење услуги за психо-социјално советување меѓу жените и децата засегнати од насилство.

- **ДОНАТОРИ:** ОН жени/ Европска комисија




„Дали љубовта (треба да) боли? – тема на работилницата за млади организирана од ЕХО

# НИЗ БРОЈКИ: УСЛУГИ ШТО ГИ ОБЕЗБЕДИЈА ХЕРА И ПАРТНЕРСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 2022 ГОДИНА

СТАЦИОНАРЕН СЕРВИС

МОБИЛЕН СЕРВИС

ПАРТНЕРСКИ СТАЦИОНАРЕН СЕРВИС

| НАЗИВ И ВИД НА СЕРВИСОТ | БРОЈ НА КЛИЕНТИ | ПОДЕЛБА НА БРОЈ НА КЛИЕНТИ ПО ЦЕЛНА ГРУПА | БРОЈ НА ЖЕНИ | БРОЈ НА РАНЛИВИ ГРУПИ | БРОЈ НА МЛАДИ НА ВОЗРАСТ 10-24 Г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Прв семеен центар | 244 | ▸ 98 жртви/ преживеани на семејно и родово засновано насилство<br>▸ 57 сторители на семејно и родово засновано насилство<br>▸ 35 малолетни деца жртви на насилство<br>▸ 54 родители и други членови на семејство/ партнерство засегнати од насилство | 101 | 133 | 43 |
| Младински центар за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам“ – Водно | 771 | ▸ 275 општествено исклучени лица (вклучително 111 геј, би и други мажи што имаат секс со мажи (МСМ), 16 сексуални работници/чки (СР) и 3 лица што инјектираат дроги (ЛИД)) | 293 | 275 | 74 |
| Младински центар за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам“ – Шуто Оризари | 1118 | ▸ 836 општествено исклучени лица (вклучително 5 геј, би и други МСМ, 433 СР и 3 ЛИД) | 866 | 806 | 220 |
| Младински центар „Сакам да знам“ – Куманово | 58 | ▸ 58 млади | 28 | | 58 |

▸▸▸

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Гинеколошка амбуланта | **266** | ▶ 266 жени (вклучително 152 СР, 9 жени од рурална средина, 69 жени кои користат droги и други ранливи и исклучени лица) | **266** | **152** | **47** |
| Стационарно и теренско тестирање за ХИВ | **1444** | ▶ 606 геј, би и други МСМ, 379 СР и 281 ЛИД и 178 други лица засегнати од ХИВ | **461** | **1266** | **386** |
| Самотестирање за ХИВ (преку интернет/ лица од заедниците) | **663** | ▶ 504 геј, би и други МСМ, 85 СР и 44 ЛИД и 30 други | | **633** | |
| Советувалиште за ХИВ при Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | **371** | ▶ Лица кои живеат со ХИВ | **47** | **350** | **18** |
| Советувалиште за медикаментозен абортус (Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство) | **385** | ▶ Девојки и жени во репродуктивен период | **385** | **56** | **72** |
| Советувалишта за семејно и родово засновано насилство во ЕХО – Штип и „Скај плус“ – Струмица | **249** | ▶ 249 жени жртви/ преживеани на насилство<br>▶ 21 кои доаѓаат од рурална средина, 4 лица со попреченост, 2 малолетни деца | **249** | **249** | **2** |
| Услуги за сексуално и репродуктивно здравје во ординации на семејни лекари во здравствените домови во Радовиш, Делчево, Македонски Брод и Ресен | **3469** | ▶ 2.777 жени, од кои 1.847 од маргинализирани и општествено исклучени групи (жени од рурална средина, жени со попреченост и Ромки)<br>▶ 692 мажи | **2777** | **1847** | **1482** |

# И во криза истрајуваме во нудењето услуги за тестирање за ХИВ

## ЗАДНИНА:

- Според стручните проценки, бројот на лица со ХИВ кои се свесни за својот ХИВ-позитивен статус во 2018 изнесува само околу 65 %, што укажува на тоа дека земјата не покажува напредок во дијагностицирањето на луѓето со ХИВ;
- Загрижува порастот на стапката на доцното дијагностицирање кај новооткриените случаи на ХИВ; за успешноста при третманот кај лицата што живеат со ХИВ, особено е важно ХИВ да се открие навреме.

## АКТИВНОСТИ:

- Го продолживме 12-годишното континуирано нудење на услуги за бесплатно и доверливо ХИВ-тестирање и советување во 9 града, во соработка со 12 граѓански организации, преку мобилна амбуланта специјално опремена за оваа намена и во стационарните центри на организациите;
- Ја пилотиравме програмата за самотестирање за ХИВ преку Интернет со орален ХИВ-тест за домашна употреба помеѓу геј, би и останатите мажи кои имаат секс со мажи (МСМ);
- За да стане ХИВ-тестирањето уште подостапно, ја проширивме услугата за самотестирање за ХИВ во домашни услови и меѓу сексуалните работнички, лицата кои инјектираат дрога и останатите ранливи групи на целата територија на земјата.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Преку мобилните и стационарните сервиси за тестирање за ХИВ, во соработка со партнерските организации, во 2022 година беа направени вкупно 2.286 тестови за ХИВ меѓу луѓето во ризик од ХИВ, од кои 663 преку моделите на самотестирање за ХИВ за домашна употреба;
- Се поделија 5.639 кондоми, 2.814 лубриканти и 1.284 информативно-едукативни материјали за превенција на ХИВ;
- Ја пилотиравме програма за самотестирање за ХИВ преку Интернет, со што се прошири услугата за самотестирање за ХИВ во домашни услови меѓу сите засегнати групи;
- Вкупно 8 лица го открија својот ХИВ-позитивен статус преку услугите за ХИВ-тестирање на граѓанските организации, од кои 4 преку моделите на самотестирање за ХИВ.

## ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Обезбедување континуитет на воспоставените услуги за теренско и стационарно ХИВ-тестирање, како и самотестирање за ХИВ за домашна употреба;
- Подигнување на свеста за важноста од тестирањето за ХИВ и ширење на пораката дека денес со ХИВ се живее квалитетно, доколку се открие навреме.

- **ДОНАТОРИ:** Министерство за здравство и Меѓународна федерација за планирано родителство




Промотивен банер користен при пилотирањето на самотестирањето за ХИВ преку Интернет

## Доверливи и бесплатни услуги за СРЗ во мобилната гинеколошка амбуланта

### ЗАДНИНА:

- Преку мобилната гинеколошка амбуланта ХЕРА веќе 9 години нуди бесплатни и доверливи услуги за жените од руралните средини и за општествено исклучените групи жени кои немаат гинеколошка здравствена грижа;
- Сексуалните работнички и жените кои користат дрога ја препознаваат мобилната гинеколошка амбуланта како безбедно и пријателско место каде што можат да добијат услуги приспособени на нивните потреби и во нивна најблиска околина.

### АКТИВНОСТИ:

- Преку мобилната гинеколошка амбуланта обезбедивме услуги за дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции, ЕХО-прегледи и ПАП-тестови низ државата;
- Обезбедивме и услуги за итна и современа контрацепција (таблети и спирали) и советување за превенција и терапија за сексуално преносливи инфекции;
- Дистрибуиравме кондоми, лубриканти и информативни материјали за заштита на сексуалното и репродуктивното здравје кај жените.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Преку мобилната гинеколошка амбуланта вкупно 266 жени добија гинеколошки услуги, меѓу кои и 152 сексуални работнички, 69 жени кои користат дроги, 9 жени од рурална средина и други ранливи и исклучени лица;
- Вкупно 160 жени од ранливите групи направиле ПАП-тестирање;
- Поделени се 2.255 кондоми, 45 жени добија орална контрацепција, а на 5 жени им е аплицирана спирала.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирано нудење услуги за сексуално и репродуктивно здравје преку мобилната гинеколошка амбуланта за ранливите групи жени кои се исклучени од здравствениот систем.

- **ДОНАТОРИ:** Министерство за здравство и Меѓународна федерација за планирано родителство



Вака изгледа нашата мобилна гинеколошка амбуланта

## Пријателските младински центри во Скопје – место каде што сексуалното и репродуктивното здравје на најранливите е приоритет

### ЗАДНИНА:

- Клучните популации засегнати од ХИВ пријавуваат низа пречки поврзани со стигмата и дискриминацијата при добивањето услуги за сексуално здравје во здравствениот систем;
- Над 20 години, преку центрите „Сакам да знам“ на Водно и во Шуто Оризари, ХЕРА обезбедува доверливи и бесплатни здравствени, социјални и психолошки услуги за сексуалното и репродуктивното здравје (СРЗ) за младите и за маргинализираните заедници.

### АКТИВНОСТИ:

- Обезбедивме гинеколошки, дерматовенеролошки услуги за дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции (СПИ), ЕХО-прегледи, современа контрацепција и ХИВ-тестирање во младинските центри „Сакам да знам“;
- Спроведовме врснички едукации меѓу младите и клучните популации засегнати од ХИВ и обезбедивме услуги од социјален работник и психолог;
- Дистрибуиравме кондоми, лубриканти и информативни материјали.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Во 2022 година вкупно 1.324 корисници од ранливите групи добија 4.194 бесплатни услуги за СРЗ во младинските центри на ХЕРА;
- 116 жени добија орална современа контрацепција, 21 жена доби советување и аплицирање на спирала;
- 117 корисници направија тестирања за СПИ (за сифилис, трихомонас, гонореја и хламидија);
- Направени се вкупно 224 тестирања за ХИВ, вклучително и 40 тестирања за домашна употреба;
- 275 млади и лица под ризик добија врсничка едукација;
- Вкупно 120 општествено исклучени лица добија услуги поврзани со остварување на социјалните права од страна на социјален работник;
- Дистрибуирани се 4.203 кондоми, 2.418 лубриканти и 1.230 едукативни материјали.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирано нудење на бесплатни и доверливи услуги за СРЗ за младите и групите во ризик од ХИВ.

- **ДОНАТОРИ:** Министерство за здравство и Меѓународна федерација за планирано родителство



Гинеколошката ординација во Младинскиот центар „Сакам да знам“ – Шуто Оризари

## Првиот семеен центар – место за поддршка и зајакнување на семејствата и партнерствата кои се соочуваат со насилство

### ЗАДНИНА:

- Официјалната статистика покажува дека од вкупно пријавени 1.051 жртва на семејно насилство во 2020 година, 839 или 80 % се жени;
- Во периодот 2017 – 2020 година во нашата земја се убиени 26 жени, од кои дури 22 убиства или 84 % се фемициди;
- Во 2022 година се пријавени 1.025 сторители на семејно насилство: 930 или 90 % од нив се мажи, а 52 % од мажите сторители се сопрузи или мажи во вонбрачна заедница.

### АКТИВНОСТИ:

- Обезбедивме специјализирани услуги за психо-социјална поддршка на жени и деца жртви на семејно и родово засновано насилство;
- Обезбедивме услуги за психо-социјален третман на сторители на семејно насилство упатени со упатници од суд и од центри за социјална работа;
- Обезбедивме советувања со правник и поддршка од адвокатка за жртвите на семејно и родово засновано насилство.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Вкупно 244 клиенти добија 1.189 услуги за советување и поддршка во Првиот семеен центар во 2022 година;
- 98 жени и 35 малолетни деца жртви на насилство добија психотерапевтска поддршка, а со советување дополнително опфативме 54 родители и други членови на семејството/партнерството засегнати од насилство;
- 57 лица беа вклучени во програмата за третман на сторители на насилство;
- 13 клиентки добија правно застапување и услуги од адвокатка, додека 20 жени беа упатени на бесплатна правна помош.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирано нудење на специјализирани услуги за психо-социјална поддршка на жени и деца кои преживеале родово засновано насилство;
- Обезбедување третман за сторители на родово засновано насилство.

- **ДОНАТОРИ:** Град Скопје и Фонд „Сигрид Раусинг“




Промотивен банер за Првиот семеен центар

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ЖРТВА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ОД ПРВИОТ СЕМЕЕН ЦЕНТАР



Клиентката е 37-годишна Македонка која е жртва на физичко, психолошко и економско насилство.

Насилството од сопругот започнува на почетокот на бракот, кој трае веќе 14 години, и во кој имаат две деца на возраст од 14 и 12 години. Сопругот, поради агресивно и недолично однесување, во неколку наврати добива отказ од различни работни места, со што обврската за финансиско издржување на семејството паѓа единствено на клиентката. По извесен период, сопругот се откажува од барање на каква било работа, почнува да ги користи ограничените финансиски средства првенствено за себе, а на клиентката ѝ дава ограничена сума на дневно ниво, при што станува вербално и повремено физички насилен доколку таа не прикаже како и каде ги потрошила парите.

Клиентката успева да замине од насилната средина, и покрај заканите дека нема да ги види децата доколку замине. Еден месец останува да живее кај пријатели и членови на своето семејство, без неопходните лични предмети; во состојба на безизлезност и очај, се јавува во Првиот семеен центар. Клиентката веднаш беше вклучена во советувалиштен процес со психотерапевтите за жртви на насилство, а дополнително ѝ беше обезбедена и бесплатна правна помош во соработка со други граѓански организации. Во текот на советувалишниот процес таа се охрабри да отпочне бракоразводна постапка и да го пријави случајот во Центарот за социјална работа. Преку помошта и поддршката од советувалишниот процес успеа повторно да воспостави комуникација со своите деца, се врати на работа, се охрабри да живее сама и постепено си го нормализира секојдневното функционирање.

Клиентката сѐ уште работи со советувачи во Првиот семеен центар за да ја надмине траумата и да си ги подобри менталното здравје и емоционалната благосостојба.

## Со поддршка од Советувалиштето за превенција од употреба на дроги до правилни одлуки за здрава иднина

### ЗАДНИНА:

- Истражувањето од 2019 година покажува дека 19 % од младите на возраст од 15 до 24 години пробале нелегална дрога;
- Од 2013 година, со поддршка на Град Скопје, ХЕРА обезбедува превентивни советувања и поддршка на млади и родители заради справување со проблемите поврзани со употребата на дроги.

### АКТИВНОСТИ:

- Обезбедување услуги од страна на психијатри во Советувалиштето за заштита од ризици и употреба на супстанции во рамките на двата Младински центра „Сакам да знам“ Скопје.

### РЕЗУЛТАТИ:

- Во 2022 година вкупно 245 корисници, од кои 125 млади, 115 родители и 5 партнери/стручни лица, добиле советувалишни услуги за превенција на употреба на дроги во рамките на Советувалиштето.

### ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Обезбедување континуирани услуги за превенција и заштита од ризици и употреба на супстанции меѓу младите, родителите и партнерите.

- **ДОНАТОРИ:** Град Скопје и Фонд „Сигрид Раусинг“




Промотивен банер за Советувалиштето за заштита од ризици и употреба на супстанции

# МЕДИУМИ И КАМПАЊИ

# И СТРУЧНАТА ЈАВНОСТ РЕЧЕ „ДА“ ЗА СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТАТА!

Ланската година неоспорно ни ја одбележа потпишувањето на Декларацијата „Со сексуално образование во училиштата до поздрава и побезбедна младина“, со која 15 стручни здруженија и релевантни граѓански организации бараат од Владата и Министерството за образование и наука, во согласност со дадените политички заложби и надлежности, да осигурат дека **секое дете во државата ќе може да го ужива своето право на сеопфатно сексуално образование** и да стекне вистински знаења, ставови и вештини за заштита на своето здравје, благосостојба и достоинство.



## ДЕКЛАРАЦИЈА

### Со сексуално образование во училиштата до поздрава и побезбедна младина

*„Сеопфатното сексуално образование ќе им овозможи на младите да се стекнат со знаења, вештини, ставови и вредности кои ќе ги поттикнат да ги ценат своето здравје, благосостојба и достоинство; да развијат социјални и сексуални врски базирани на меѓусебно почитување; да разберат како нивниот избор влијае на нивната благосостојба и на благосостојбата на другите и да ги знаат и штитат правата во сферата на сексуалното и репродуктивното здравје.“*

**УНЕСКО, 2018 г.**

Имајќи предвид дека бројот на малолетничките породувања во Република Северна Македонија е речиси трипати поголем од земјите на Европската Унија[1];

Ако се знае дека младите во нашата земја соопштуваат дека релативно порано стапуваат во прв сексуален однос за разлика од своите врсници од западноевропските земји[2];

Имајќи предвид дека Република Северна Македонија е на едно од последните места во Европа по користење на современа контрацепција со само 14 % од младите на возраст од 20 до 24 години кои користат некое современо контрацептивно средство, додека најголем дел (36 %) се потпираат на прекинување на сексуалниот однос како метод на заштита од непланирана бременост[3];

Ако знаеме дека 52 % од нашите девојчиња на 15-годишна возраст и 29 % од момчињата на иста возраст страдаат од повеќе психосоматски симптоми истовремено, повеќепати неделно[4];

Знаејќи дека 50 % од младите на 15-годишна возраст од паралелки на албански наставен јазик и 25 % млади од паралелки на македонски наставен јазик ги прифаќаат традиционалните родови улоги, како на пример, дека мажот треба да биде авторитетот во семејството, а жената да се насочи да биде добра мајка и сопруга за сметка на напредување во кариерата[5];

[1] Clark, S. et al. (2019). UNFPA Country Programme Evaluation Report Period covered by the evaluation: (2012-2018)- The Republic of North Macedonia, UNFPA
[3] Multiple Indicator Cluster Survey 2018-2019, State Statistical Office, UNFPA & UNICEF



## ПОТПИСНИЦИ

- Здружение на социјални работници на Македонија – ЗСРМ, Скопје
- Здружение на лекари Албанци
- Здружение на лекари по општа медицина – семејна медицина
- Институт за брак, семејство и системска пракса – Алтернатива
- Коалиција Маргини
- Македонско здружение на гинеколози и опстетричари
- Македонско здружение на млади правници
- Македонско лекарско друштво – МЛД и стручно-специјалистички здруженија при МЛД
- Психолошки центар – Алтернатива
- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија
- Субверзивен фронт
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
- Хелсиншки комитет за човекови права
- Центар за психосоцијална и кризна акција - Малинска
- Центар за семејна медицина при Медицинскиот факултет - Скопје

**„Сеопфатното сексуално образование треба час поскоро да започне“**, апелираа претставниците на стручните здруженија на истоимената конференција што ја одржавме во септември, посочувајќи дека ситуацијата на терен одамна е алармантна.




Својата поддршка ја дадоа и г. Иго Бештел, советник за соработка и културни прашања при Амбасадата на Франција, и г. Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралството Холандија во Македонија. кој потсети дека **доброто и квалитетно сексуално образование се заснова врз наука и учи за самодоверба, толерација и, што е најважно, за личната одговорност.** А дека #ССОнаКлупа функционира несомнено потврдува и холандскиот пример!



Конечно, Декларацијата ја поддржаа и претставнички на политичките партии СДСМ, ДОМ, ЛДП, ДУИ и Алијанса на Албанците. За нив сеопфатното сексуално образование е уште поважно во денешните околности, кога антифеминистичкото движење го брани штетниот патријархат со дезинформации за сексуалното образование, ширејќи паника и страв и поттикнувајќи говор на омраза.



„Многу често го користиме зборот 'срам' и преку тој збор се трудиме да инхибираме однесувања со коишто не се согласуваме. Меѓутоа забораваме дека во тој момент ние инхибираме и комуникација. Ние, како возрасни, имаме должност кон најмладите да бидеме тие ментори или водачи што можеби ние самите сме ги немале."

*Арбана Пашоли,*
претставничка на ДУИ

# сексуално образование во училиштата!

# ВИДЕОКАМПАЊИ ЗА #ССОНАКЛУПА

**Со сеопфатното сексуално образование можеме нештата да ги смениме на подобро!**

За да ја подигнеме јавната свест за придобивките од ССО, снимивме две видеа – на македонски и на албански јазик – кои доловуваат само дел од предизвиците со кои секојдневно се сретнуваат младите кај нас, но и нивните родители, во општество кое и натаму не обезбедува навремен пристап до точни и сеопфатни информации за сексуалното и репродуктивното здравје и права.

Ако сакаме младите да бидат здрави, Интернетот не смее да биде единственото место каде што ќе бараат одговори на своите прашања. „Оти таму сешто човек може да прочита и да направи и нешто што не треба, па и паника да го фати." Ниту, пак, треба да бидат оставени сами кога се соочуваат со врсничко насилство. И за насилството мора да се зборува и дома и во училиште – оти само така поретко ќе се случува!





Евалуацијата на пилот-програмата за ССО, што лани ја спроведе Бирото за развој на образованието, покажа дека опфатените ученици знаат многу повеќе за своето сексуално и репродуктивно здравје и права и имаат попозитивни ставови за овие прашања, за разлика од своите соученици во другите училишта низ земјата.

Младите со право бараат да имаат ССО на клупа. **Но што мислат родителите за тоа?** Над 160 илјади граѓани го погледнаа видеото во кое Славе Павловски најотворено објаснува зошто се согласил неговата 15-годишна ќерка да слуша ССО и како навистина изгледа #ССОнаКлупа!




#ССОнаКлупа

# #ССОнаКлупа ФУНКЦИОНИРА, ПОКАЖА ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПИЛОТ-ПРОГРАМАТА!

По едно полугодие и 36 часа по сеопфатно сексуално образование, резултатите се неоспорни: учениците имаат поголеми знаења за темите опфатени со ССО и значително попозитивен став кон неговите компоненти. Освен тоа, и учениците и наставниците сметаат дека резултатите би биле уште подобри кога овој изборен предмет би се слушал во текот на две полугодија, со двојно поголем фонд на часови!





Клучните наоди од евалуацијата ги претстави евалуаторката **Шерузе Османи Балажи**. Таа истакна дека обуките пред пилотирањето биле исклучително важни за наставниците кои ги држеле часовите, но и дека на наставниците им требаат дополнителни знаења и поддршка, особено кога се зборува за контрацепција, тинејџерски врски и брак, сексизам и сексуални ориентации.

Она што особено радува е фактот дека над 1.650 од наставниците опфатени со истражувањето за ставовите на наставниците за воведување на ССО во основното образование, пред и по пилотирањето на програмата би сакале да се обучат за да можат да ги предаваат овие содржини. Зошто? Па затоа што сметаат дека на учениците исклучително многу ќе им користат информациите, ставовите и вештините што би ги стекнале низ оваа настава.

#ССО наКлупа



Според професорката Николина Кениг, која беше една од истражувачките, „Пречките за успешна реализација на програмата наставниците и соработниците ги лоцираат најмногу во фактори надвор од училиштето, односно во неподготвеноста на заедницата или на родителите да прифатат систематска едукација на тинејџерите во сферата на сексуалноста“.

# КОНФЕРЕНЦИЈА: „МОДЕРНА КОНТРАЦЕПЦИЈА ДОСТАПНА ЗА СИТЕ: ЗОШТО СЀ УШТЕ НЕ СМЕ СПРЕМНИ?“

Граѓаните најчесто имаат незаштитени сексуални односи, а на Позитивната листа на лекови и натаму нема ниту еден модерен контрацептив. Ова ни беше доволен поттик да го одбележиме 26 септември – Меѓународниот ден на контрацепцијата, со конференција на која ги споделивме алармантните податоци од терен и побаравме што поскоро Владата да го исполни ветеното!









Свое обраќање, меѓу другото, имаше и проф. д-р Ана Данева Маркова, претседателка на Комитетот за безбедно мајчинство, која потсети дека пристапот до модерна контрацепција ги намалува мајчината смртност за 25 %, а смртноста на новороденчиња за 20 %. М-р Ирина Луческа посочи дека потребата за семејно планирање ни оддалеку не е соодветно задоволена со модерни методи на контрацепција, дополнувајќи дека во 2020 година бил преполовен бројот на советни за планирање на семејството во примарната здравствена заштита.



Од друга страна, пак, д-р Марија Ристеска, извршна директорка на ЦРПМ – Центар за истражување и креирање политики, истакна дека, според направената анализа, носителите на одлуки се согласни дека кондомите треба да бидат бесплатни и достапни за секого во здравствените установи, а контрацептивните пилули треба да бидат вклучени во Позитивната листа на лекови.

Најважните информации од конференцијата си го најдоа патот до пошироката јавност преку социјалните мрежи.












# ХЕРА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

| | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|
| Фејсбук (поддржувачи) | 20.246 | 20.900 |
| Твитер (следачи) | 1.931 | 1.946 |
| Јутјуб (прегледи) | 15.800 | 16.170 |

# ПУБЛИКАЦИИ




Мониторинг на искористеност на активните мерки и услуги за вработување од страна на Ромките за 2021 година




Мониторинг на вработувањето Ромки во државните институции во РСМ во 2021 година




Осврт кон проширувањето на ЕУ за 2022 година: Сексуално и репродуктивно здравје и права




Осврт кон проширувањето на ЕУ за 2022 година: Репродуктивно здравје и социјална благосостојба на Ромите




Системските предизвици кај Ромките во остварување на здравствените и социјалните права




Карта со оцена од заедницата за 2021 година




Мониторинг на вработувањето Ромки во државните институции во РСМ во 2020 година




Мониторинг на искористеност на активните мерки и услуги за вработување од страна на Ромките за 2020 година




Мапирање на семејните лекари од ПЗЗ во Македонија




Национален план за обезбедување на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во доменот на семејната медицина




Препораки за поттикнување на давањето услуги за СРЗ од страна на семејните лекари




Брошура: Репродуктивното здравје пред сè!

*достапна и на албански и на ромски јазик




Пристапот на младите до информации за сексуално и репродуктивно здравје, образование и грижа во Македонија за време на ковид-19 кризата




Документ за јавни политики: Сексуалното и репродуктивното здравје во услови на пандемија




Анализа и документ за јавни политики за пристапот до средства за контрацепција и здравствени услуги за семејно планирање




Документ за јавни политики: Со подобар пристап до контрацепција и услуги за семејно планирање до универзална здравствена заштита




[Прирачник за врсничка едукација по сеопфатно сексуално образование]




[Извештај од спроведениот мониторинг на имплементацијата на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство]




[Прирачник за даватели на услуги во советувалишни центри за жртви на насилство]




[Концепција за центри за поддршка и советување на мажи во Република Северна Македонија]

# ФИНАНСИИ

## Листа на донатори и приходи за 2022 година

| ПРИХОДИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Износ во МКД | Износ во USD[1] | % |
| **1** | **БИЛАТЕРАЛНИ ДОНАТОРИ** | **1.380.364,00** | **23.942,41** | **3,94 %** |
| | Здружение за машки и родови прашања на Штаерска/Сојузно министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Австрија | 1.380.364,00 | 23.942,41 | 3,94 % |
| **2** | **МЕЃУНАРОДНИ ФОНДАЦИИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | **24.794.216,00** | **430.055,69** | **70,76 %** |
| | Фондација „Отворено општество“ – Македонија | 1.435.656,00 | 24.901,45 | 4,10 % |
| | Меѓународна федерација за родителско планирање | 13.329.017,00 | 231.191,81 | 38,04 % |
| | „Квина тил Квина“ | 2.039.917,00 | 35.382,36 | 5,82 % |
| | Фонд „Сигрид Раусинг“ | 7.062.000,00 | 122.490,40 | 20,16 % |
| | Меѓународна организација за здравје на младите | 477.077,00 | 8.274,90 | 1,36 % |
| | Австриско здружение за семејно планирање/Сојузно министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Австрија | 335.415,00 | 5.817,77 | 0,96 % |
| | Национален демократски институт – Република Северна Македонија | 115.134,00 | 1.997,00 | 0,33 % |
| **3** | **МУЛТИЛАТЕРАЛНИ АГЕНЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ** | **2.631.904,00** | **45.650,38** | **7,51 %** |
| | ОН жени/ Европска комисија | 2.631.904,00 | 45.650,38 | 7,51 % |
| **4** | **ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА** | **5.843.803,00** | **101.360,77** | **16,68 %** |
| | Град Скопје | 1.200.000,00 | 20.814,00 | 3,42 % |
| | Министерство за здравство | 4.643.803,00 | 80.546,77 | 13,25 % |
| **5** | **ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ** | **18.500,00** | **320,88** | **0,05 %** |
| **6** | **ПРИХОДИ ОД ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ** | **30.375,00** | **526,85** | **0,09 %** |
| **7** | **ДРУГИ ПРИХОДИ** | **339.132,00** | **5.882,24** | **0,97 %** |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **35.038.294,00** | **607.739,24** | **100 %** |

1 1USD = 57,6535 MKD (на 31.12.2022 г.)

ЕМПАТИЈА

www.hera.org.mk